


# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 55,
МЕСЕЦ
ФЕВРУАРИ 2024

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Во новиот информатор ќе пронајдете:
Најнови проекти, настани,
образование и друго.
Продолжете со читање !

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ИНТЕНЗИВНО РАБОТИ НА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА АТМОСФЕРСКА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА КРАК ОД ЗАПАДЕН БУЛЕВАР КАЈ МАКПЕТРОЛ СО ДИЈАМЕТАР Ф325 И Ф400, ВО ДОЛЖИНА ОД 200 МЕТРИ.
ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ!





ПРЕД И ПОТОА!

ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА НА УЛ.„ДИСАНСКА" ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА, И ТОА ВГРАДУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИ БЕХАТОН КОЦКИ КОИ ШТО БЕА ОТСТРАНЕТИ ОД ТРОТОАРИТЕ НА УЛ. „МИТО ХАЏИВАСИЛЕВ ЈАСМИН" И „7-МИ СЕПТЕМВРИ".

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИ ТРОТОАР НА УЛ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ НА ПОТЕГОТ ОД ГИМНАЗИЈАТА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ" ДО О.О.У „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ".
ПОСТАВУВАЊЕ НА КОМПЛЕТНА ПОДЗЕМНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ СИСТЕМИ, ОБНОВУВАЊЕ НА СТАРИОТ ДРВОРЕД И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВ ТРОТАР СО НОВИ БЕХАТОН КОЦКИ.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ПО БАРАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ЗАПОЧНА СО КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КАНАЛИЗАЦИОНАТА ЛИНИЈА СО НОВИ ЦЕВКИ ВО ДВОРНОТО МЕСТО НА ДОМ НА КУЛТУРА „ИВАН МАЗОВ КЛИМЕ".





ПО БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ НА МЗ СОПОТ, ВО ТЕК Е ЧИСТЕЊЕ НА КАНАЛОТ НА РЕЧНОТО КОРИТО ВО СЕЛО СОПОТ.
МЕХАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДБАТА Е ДОНАЦИЈА ОД ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНАТА КОМПАНИЈА ЈА-МИ!



ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАР НА СЕВЕРЕН БУЛЕВАР ВО ДОЛЖИНА ОД 480М2 ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА, КАДЕ ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ, ДОДЕКА ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИТЕ СЕ ДОНАЦИЈА ОД ФИРМИТЕ КОИ ГРАВИТИРААТ НА ТОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОСТАВЕНА Е СТАНИЦА ЗА МЕРЕЊЕ НА ИЗДУВНИ ГАСОВИ НА ОЏАК ВО О.О.У ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ ВО С.СОПОТ.

ВО ТЕКОТ НА НАРЕДНАТА НЕДЕЛА ГРЕЕЊЕТО ЌЕ СЕ ОДВИВА НА ДРВА А ПОТОА ВО ТЕКОТ НА СЛЕДНАТА НЕДЕЛА НА БРИКЕТИ ОД ПРАЧКИ ОД ВИНОВА ЛОЗА ЗА КОИ Е УТВРДЕНО ДЕКА ИМААТ ВИСОКА ЕНЕРГЕТСКА ВРЕДНОСТ. РЕЗУЛТАТИТЕ ТРЕБА ДА ПОКАЖАТ ДАЛИ ОВИЕ БРИКЕТИ СЕ ПОЕКОНОМИЧНИ И ПОМАЛКУ ГО ЗАГАДУВААТ ВОЗДУХОТ. СОГЛАСНО РЕЗУЛТАТИТЕ КОИ ЌЕ СЕ ОБЈАВАТ ЈАВНО, ЌЕ СЕ ЗАЛАГАМЕ ЗА ТОА ДА СЕ ПРОДОЛЖИ СО ГРЕЕЊЕ СО АЛТЕРНАТИВАТА КОЈА ШТО ЌЕ ПРИДОНЕСУВА ЗА ПОЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА.

МЕРЕЊЕТО ГО ВРШИ ЛАБОРАТОРИЈАТА АМБИКОН ОД УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ШТИП.





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО СЛУЖБИТЕ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ЈП КОМУНАЛЕЦ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА СЕЛАТА ДАБНИШТЕ, БЕГНИШТЕ, РЕСАВА И БОХУЛА, НА КОЈА БЕА ПРЕЗЕНТИРАНИ НОВИ ПРОЕКТИ КОИ ОПФАЌААТ ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО СЕЛАТА ДАБНИШТЕ, РЕСАВА И БОХУЛА, КАКО И ИЗГРАДБА НА КОЛЕКТОР ВО СЕЛО БЕГНИШТЕ.







ПОСТАВУВАЊЕ НА ЗАШТИТНА ЕЛАСТИЧНА ОГРАДА, НА УЛ. „25 МАЈ" ВО ДОЛЖИНА ОД 130 МЕТРИ. ОВОЈ ПРОЕКТ Е ВО СОРАБОТКА СО ЈЛДП, ОДНОСНО ОГРАДАТА Е ОБЕЗБЕДЕНА КАКО ДОНАЦИЈА ОД НИВ, А ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГИ МОНТИРА ВО СОРАБОТКА СО ТППЕ КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ДЕТСКАТА ГРАДИНКА ВО СЕЛО ДРЕНОВО.
ДЕНОВИВЕ БЕШЕ ПОСТАВЕНА ЗАШТИТНА ОГРАДА ОД БУЏЕТОТ НА ЈОУДГ „РАДА ПОЦЕВА" ПО ШТО СЛЕДУВА И ВНАТРЕШНО ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДИНКАТА КОЕ ЌЕ БИДЕ ОБЕЗБЕДЕНО ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА.
ПРОЕКТ КОЈ Е ДЕЛ ОД ИЗБОРНАТА ПРОГРАМА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.



ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ПРОЕКТОТ НА УЛ. „27 МАРТ" ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ И ТОА ОДВОЈУВАЊЕ НА ФЕКАЛНА ОД АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, КАКО И ВОДОВОДНА МРЕЖА.
ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ РЕШЕТКИ И АСФАЛТИРАЊЕ СО ШТО ПРОБЛЕМОТ СО ВОДИТЕ НА ОВИЕ ГРАЃАНИ ЌЕ БИДЕ РЕШЕН.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.





ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА АТМОСФЕРСКА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА КРАК ОД ЗАПАДЕН БУЛЕВАР КАЈ МАКПЕТРОЛ СО ДИЈАМЕТАР Ф325 И Ф400 ОД СТРАНА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.
СЛЕДНА ФАЗА Е АСФАЛТИРАЊЕ НА ОВАА ДЕЛНИЦА И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ РЕШЕТКИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОДГОТОВКИ ЗА НОВА ЗЕЛЕНА ПОВРШИНА НА УЛ. „ЦВЕТАН ДИМОВ". ОТКАКО ЌЕ СЕ ОЗЕЛЕНИ, ИСТАТА ЌЕ БИДЕ УРЕДЕНА СО УРБАНА ОПРЕМА.



ПО ДОЛГИ ГОДИНИ, Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ЗАПОЧНА СО ИСКОП И ПОСТАВУВАЊЕ НА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА, КАКО И КАБЕЛ ЗА СТРУЈА НА ДЕПОНИЈАТА МЕЛЦИ. ТРАСАТА Е ДОЛГА 800 МЕТРИ, А ЦЕЛАТА ИНВЕСТИЦИЈА Е НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА.

КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!





ТАМПОНИРАЊЕ НА ГЛАВНАТА УЛИЦА ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ, ПО ШТО СЛЕДУВААТ И СПОРЕДНИТЕ, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА АТМОСФЕРСКА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА, А ВО НАРЕДНА ФАЗА КОМПЛЕТНО ЌЕ СЕ АСФАЛТИРААТ СИТЕ УЛИЦИ.

ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 20.000.000 ДЕНАРИ, А ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОТКАКО ЗАВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕТО НА ПОСТОЕЧКИОТ ТРОТОАР НА УЛ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ НА ПОТЕГОТ ОД ГИМНАЗИЈАТА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ" ДО О.О.У „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" СЕ ЗАПОЧНА СО ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ. ЌЕ СЕ ЗАСАДАТ ОКОЛУ 70 СТЕБЛА ОД ВИДОТ ЛИРИОДЕНДРОН.







ПРОДОЛЖУВА ИЗГРАДБАТА НА КЕЈОТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ДО ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ ЌЕ ГО ДОПОЛНИ УБАВИОТ КЕЈ КОЈ СЕ ПРОТЕГА СЕ ДО С.ВАТАША.

СЕ ГРАДИ МИНОР КОРИТОТО, ЌЕ СЕ ПОСТАВИ НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И УРБАНА ОПРЕМА, ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ КЕЈ-ШЕТАЛИШТЕТО ШТО ПРЕТХОДНО БЕШЕ НАЈЗАПУШТЕНИОТ ДЕЛ ВО НАШИОТ ГРАД.

ПРОЕКТ ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОВОЈ ДЕЛ НА ГРАДОТ. ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ЗА ОВОЈ ПРОЕКТ ИЗНЕСУВА 1 МИЛИОН ЕВРА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРОДОЛЖУВА ИНТЕНТЗИВНАТА ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА КАКО И РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА КАПТАЖИТЕ ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ.

ПРВА ФАЗА, СО КОЈА Е ОПФАТЕН ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР ВО ДОЛЖИНА ОД 1600М2, ОД СЕЛО ВАТАША ДО 12 ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ.

ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО ИЗНОС ОД 4.000.000 ДЕНАРИ, ДОДЕКА ОСТАНАТИТЕ 3.400.000 ДЕНАРИ СЕ ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНАТА. СО ИЗГРАДБАТА НА ОВОЈ ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР, СИТЕ КУЌИ ОД СЕЛО ВАТАША ДО 12 ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ ЌЕ БИДАТ ПРИКЛУЧЕНИ ВО ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА И НЕМА ДА ИМААТ НИКАКОВ ПРОБЛЕМ ВО ОДНОС НА ИСТАТА ВО ИДНИНА.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е АС МАШИНИ.






ПОДГОТОВКИ ЗА ПРОБИВАЊЕ НА ДЕЛ ОД УЛ.„25 МАЈ" И ОВОЗМОЖУВАЊЕ ПРИСТАП НА НЕКОЛКУ КУЌИ КОИ ШТО ДОСЕГА НЕМАЛЕ, СО ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОТПОРЕН ЅИД.

ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ИЗНОС ОД ОКОЛУ 1.000.000 ДЕНАРИ ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



26 ЈАНУАРИ Е СВЕТСКИ ДЕН НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО ПРЕТСТАВНИК ОД ОПШТИНАТА – СОВЕТНИК ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗОРАН МЛАДЕНОВСКИ, ИЗВРШИ ОБУКА НА УЧЕНИЦИ ОД РАЗЛИЧНИ ГЕНЕРАЦИИ. ЦЕЛТА НА ОБУКАТА Е ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ЗА ПОТРЕБАТА ОД ЗАЧУВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА. ПОТРЕБНО Е НАСЕЛЕНИЕТО ДА БИДЕ ЦЕЛОСНО ИНФОРМИРАНО И ЕДУЦИРАНО ЗА ПРАВИЛНО КОРИСТЕЊЕ НА РЕСУРСИТЕ, СПРОВЕДУВАЈЌИ РАЗЛИЧНИ СТРАТЕГИИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО С.О.У „ДОБРИ ДАСКАЛОВ" И ЈП КОМУНАЛЕЦ ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ ЌЕ РАБОТИ НА УРЕДУВАЊЕ НА ДВОРНОТО МЕСТО НА УЧИЛИШТЕТО. ИНИЦИЈАТИВА Е НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ НА ГИМНАЗИЈАТА, ДОДЕКА САДНИОТ МАТЕРИЈАЛ Е ДОНАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИ ШУМИ ПОДРУЖНИЦА - БОР КАВАДАРЦИ.





# НАСТАНИ

ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „СПРАВУВАЊЕ СО ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ" КОЈ ГО СПРОВЕДУВА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ (УНДП) ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ПАРТНЕРСТВО СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И ОПШТИНИТЕ КАВАДАРЦИ, КУМАНОВО, ГОСТИВАР, СТРУГА И СТРУМИЦА, СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД ШВЕДСКА, ДЕНЕС ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА ТРЕНИНГ НА ТЕМА ДЕФИНИРАЊЕ НА ИНДИКАТОРИ ЗА МОНИТОРИНГ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ.

ТРЕНИНГОТ ЌЕ ГО СПРОВЕДУВААТ МАГДАЛЕНА ТРАЈКОВСКА ТРПЕВСКА, ДИРЕКТОР НА КОМПАНИЈАТА ТЕХНОЛАБ СКОПЈЕ И ЕМИЛ АНГЕЛОВ, А ЌЕ ИМ ОВОЗМОЖИ НА УЧЕСНИЦИТЕ ДА СЕ ЗАПОЗНААТ ЗОШТО Е ПОТРЕБНО ВО ПЛАНСКИТЕ ДОКУМЕНТИ ДА СЕ ДЕФИНИРААТ ПРАВИЛНИ ИНДИКАТОРИ, КАКО ДА СЕ ДЕФИНИРА СООДВЕТЕН SMART ИНДИКАТОР ЗА СЕКОЈА МЕРКИ (СПЕЦИФИЧЕН,МЕРЛИВ, ОСТВАРЛИВ, РЕЛЕВАНТЕН И ВРЕМЕНСКИ ОГРАНИЧЕН) И НАЧИН НА СЛЕДЕЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МЕРКИТЕ ОД ПЛАНОВИТЕ ПРЕКУ ИЗБРАНИТЕ ИНДИКАТОРИ.






ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО ПРЕТСТАВНИК ОД ОПШТИНАТА – СОВЕТНИК ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗОРАН МЛАДЕНОВСКИ, ПРОДОЛЖУВА СО ОБУКИ НА УЧЕНИЦИ ОД РАЗЛИЧНИ ГЕНЕРАЦИИ. ЦЕЛТА НА ОБУКАТА Е ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ЗА ПОТРЕБАТА ОД ЗАЧУВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА. УЧЕНИЦИТЕ БЕА ЗАПОЗНАТИ ЗА МЕРКИТЕ КОИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГИ ПРЕЗЕМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ.





# НАСТАНИ

ПРВА ОФИЦИЈАЛНА ПОСЕТА НА АМБАСАДОРОТ НА АВСТРИЈА, МАРТИН ПАМЕР ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. НА СРЕДБАТА СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА СОРАБОТКА ПРЕД СЕ ВО ОБЛАСТА НА СТОПАНСТВОТО СО ПОСЕБЕН ФОКУС НА ВИНАРСТВОТО.
СЕ ИСТАКНА ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТА НА ДВЕТЕ СТРАНИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО ОПШТИНИ ОД АВСТРИЈА. СЕ РАЗГОВАРАШЕ И ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА АВСТРИСКО ЕКОНОМСКИ ФОРУМ ВО КАВАДАРЦИ. ПО СРЕДБАТА АМБАСАДОРОТ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЈА ПОСЕТИЈА И ЦРКВАТА СВ. „ДИМИТРИЈА".







СЕКРЕТАРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ТОДОР ЕФРЕМОВ УЧЕСТВУВАШЕ НА ТРКАЛЕЗНАТА МАСА ОРГАНИЗИРАНА ОД МЕЃУНАРОДНИОТ РЕПУБЛИКАНСКИ ИНСТИТУТ (ИРИ) НА ТЕМА „ДОБРИ ПРИСТАПИ НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ДОВЕРБА НА ГРАЃАНИТЕ", КОЈ СПОДЕЛИ ИСКУСТВА НА ОПШТИНАТА ОД МЕРКАТА „МОЈ ОПШТИНАР". ПОГОЛЕМА РЕСПОНЗИВНОСТ НА ОПШТИНИТЕ, ПОВЕЌЕ УСПЕШНИ МЕРКИ И ПРИСТАПИ КОИ ВЛЕВААТ ДОВЕРБА КАЈ ГРАЃАНИТЕ, ИНТЕНЗИВИРАНА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА И РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА, НО И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА – ОВА СЕ САМО ДЕЛ ОД ПРЕПОРАКИТЕ КОИ ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ, ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ОПШТИНИТЕ, КАКО И ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ГИ ДИСКУТИРАА НА ТРКАЛЕЗНА МАСА.





ПОЖАРНИКАРИ ОД ТППЕ КАВАДАРЦИ И ДОБРОВОЛНО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО САШКО ГЕШОВСКИ ИЗВРШИЈА ЕДУКАТИВНИ ПРЕДАВАЊА НА СИТЕ УЧЕНИЦИ ОД 8МО И 9ТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО О.О.У ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ОД КАВАДАРЦИ. НА ПРЕДАВАЊЕТО УЧЕНИЦИТЕ БЕА ЗАПОЗНАТИ СО ПРИЧИНИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА ПОЖАР КАКО И ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ, НАЧИН И УПОТРЕБА НА П.П АПАРАТИ И НИВНИ ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ. ТППЕ ЌЕ ПРОДОЛЖИ СО ЕДУКАТИВНИ СРЕДБИ И СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСТАНАТИТЕ ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА. ЗА ПОДОБРО КАВАДАРЦИ





# СВ. ТРИФУН

НЕДЕЛА НА ТРАДИЦИЈА И ВИНО!
-ПОЕТСКО ЧИТАЊЕ НАСЛОВЕНО „ВИНО И ПОЕЗИЈА", СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ ВО ГРАДСКАТА БИБЛИОТЕКА „ФЕТКИН", ВО РАМКИТЕ НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ПРАЗНИКОТ „СВЕТИ ТРИФУН", ШТО СЕ СМЕТА ЗА ЗАШТИТНИК НА ГРАДОТ И НА ЛОЗАРИТЕ И ВИНАРИТЕ. ПРИСУТНИТЕ, ИМАА МОЖНОСТ ДА ДЕГУСТИРААТ ВИНО И РАВЕНИЈА, ТРАДИЦИОНАЛЕН ДОМАШЕН ТИКВЕШКИ ПРОИЗВОД СО МАЦУН ОД ГРОЗЈЕ.









-ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ БИБЛИОТЕКАТА ФЕТКИН И БИБЛИОТЕКАТА ОД КОВИН СРБИЈА.
МЕМОРАНДУМОТ ГО ПОТПИШАА ДИРЕКТОРИТЕ НА ОВИЕ ИНСТИТУЦИИ ПЕТАР ГУРЕВ И ИВАНА ЈОВАНОВ.



# СВ. ТРИФУН

-ВО НАШЕТО УБАВО КАВАДАРЦИ И ОВАА ГОДИНА ГО СЛАВЕВМЕ ПРАЗНИКОТ НА ВИНОТО, ЧУВАР НА ЛОЗЈАТА И ЗАШТИТНИК НА ЛОЗАРИТЕ СВЕТИ ТРИФУН.
ПО ТОЈ ПОВОД И ОВАА ГОДИНА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРИРЕДИ КОКТЕЛ ПРИЕМ НА КОЈ ОСВЕН ДОМАЌИНИТЕ, ПРИСУСТВУВАА АМБАСАДОРИ, МИНИСТРИ, ПРАТЕНИЦИ, СОВЕТНИЦИ, ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВМРО ДПМНЕ И ДРУГИ ГОСТИ, СЕКАКО ЗБОГАТЕН СО ДОБРО ВИНО И УБАВА МУЗИКА.















# СВ. ТРИФУН








-СО СИМБОЛИЧНО ЗАКРОЈУВАЊЕ НА ВИНОВАТА ЛОЗА И СО НИЗА АКТИВНОСТИ СЕ ОДБЕЛЕЖА ПРАЗНИКОТ НА ЛОЗАРИТЕ СВЕТИ ТРИФУН. ВО КАВАДАРЦИ СЕ ЗАКРОИ ИМПРОВИЗИРАНАТА ЛОЗА НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД. БЛАГОСЛОВ ЗА БОГАТ РОД УПАТИЈА СВЕШТЕНИЦИТЕ ОД КАВАДАРЕЧКИТЕ ХРАМОВИ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.
НА ЗДРАВЈЕ ЗА ЉУБОВ, СРЕЌА, ЗА СВЕТИ ТРИФУН, ЗА БЕРИЌЕТ И БОГАТ РОД, ЗА ТРАДИЦИЈАТА КОЈА НИЗ ВЕКОВИТЕ СЕ ЧУВА И НЕГУВА.
НЕКА Е ЧЕСТИТ СВ. ТРИФУН










# СВ. ТРИФУН

-НИЕ ЗНАЕМЕ КАКО ДА ГО ПРОСЛАВИМЕ НАШИОТ ПРАЗНИК, ПРАЗНИКОТ НА ВИНОТО, СВЕТИ ТРИФУН МОМЦИТЕ ОД КАВАДАРЕЧКИОТ РОК БЕНД ЖУРНАЛ СО ЧИИ ЗВУЦИ РАСТЕА МНОГУ ГЕНЕРАЦИИ НАПРАВИЈА ОДЛИЧНА АТМОСФЕРА, СО ЧАША ДОБРО ВИНО ИЛИ РАКИЈА ПРОИЗВЕДЕНИ ОД НАШИТЕ СЕМЕЈНИ ВИНАРИ!

И СЕТО ОВА... СО ЉУБОВ ЗА КАВАДАРЦИ!

-ВО ВИНСКИ МУЗЕЈ ЗА РЕГИОН ТИКВЕШ - КАВАДАРЦИ ОД 12.00 ЧАСОТ БАЗАР НА ВИНО И РАКИЈА ОД ТИКВЕШИЈАТА!











# СВ. ТРИФУН



ВО ЛОКАЛЕН МУЗЕЈ - ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ СЕ ОТВОРИ ИЗЛОЖБАТА "БОИТЕ НА СВ. ТРИФУН НИЗ СЛИКИТЕ НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ ОД МАКЕДОНИЈА". НА ИЗЛОЖБАТА УЧЕСТВУВАА 28 АКАДЕМСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ КОИ СЕ ПРЕТСТАВИЈА СО ОКОЛУ 60 НОВОСОЗДАДЕНИ ДЕЛА КАКО РЕЗУЛТАТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК ОБЈАВЕН ОД СТРАНА НА ЛОКАЛЕН МУЗЕЈ - ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ. ЗА ИЗЛОЖБАТА ЗБОРУВАА ДИРЕКТОРОТ М-Р ЈАКИМ ЗИМОСКИ, ВИШ КУСТОС ТРАЈЧЕ ЦВЕТКОВ, ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Д-Р СТОЈАНЧЕ РАМОВ, М-Р ВЛАДИМИР ТЕМКОВ, ПРОФ. Д-Р РЕШАТ АМЕТИ И ЛАЗАР ДОЈЧИНОВ. ПРОГРАМАТА ЈА ЗБОГАТИЈА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОМБУ "ЛАЗО МИЦЕВ - РАЛЕ" КОИ СЕ ПРЕТСТАВИЈА СО НЕКОЛКУ МУЗИЧКИ ТОЧКИ.







Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова
Сузана Андоноски
Дизајн: Петре Здравков
Насловна форографија: Цветанка Камчева

**Печати:** печатница Арт Принт Студио
Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**